Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-426/2021 доставено од , преку полномошникот , со адреса на , **донесе**

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-426/2021 с**е одобрува** и се дава следната информација:

- Во текот на 2020 година од Бирото за судски вештачења во постапки за бесплатна правна помош се обезбедени три вештачења.
- Трошоците за вештачењата изнесуваат 35.400,00 денари.

## Образложение

, преку полномошникот до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да и биде дадена информација за бројот на вештачења обезбедени од Бирото за судски вештачења во 2020 година во постапки за бесплатна правна помош и износот на трошоци за вештачења во 2020 година.

Министерството за правда го разгледа Барањето и ја даде бараната информација.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

УП1 бр. 19-426/2021
04. 03. 2021 год.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification